**Прашања поставени од акционерите на Годишното Собрание на Македонски Телеком одржано на 28.06.2018 година и одговори дадени од страна на Друштвото**

## I. По точката 1 од Дневниот ред: Измени на Статутот на Друштвото

**Прашање:** Која е причината за промена на Статутот кој бил донесен во 2015 година, а кој предвидува функција на Главен извршен директор и функција на Оперативен извршен директор?

**Одговор:**
Предложеното бришење на вториот Извршен член на Одборот на директори во функција на Главен оперативен директор на Друштвото е поради оптимизација на Извршниот менаџмент по завршувањето на преодниот период на правното спојување на Македонски Телеком и Т- Мобиле Македонија.

**Прашање:** Дали Владата на Република Македонија како акционер на Македонски Телеком АД-Скопје го поддржува предлогот на доминантиот акционер Каменимост комуникации АД Скопје за измени на Статутот на Друштвото?

**Одговор:**
Владата на Република Македонија како акционер на Македонски Телеком АД- Скопје го поддржува предлогот на доминантиот акционер Каменимост комуникации АД Скопје за измени на Статутот на Друштвото.